**ЗАПИСНИК**
**од 8-та седница на Советот**
**одржана на 06.02.2013 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Трајчевски, д-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, м-р Методија Јанчески м-р Борис Арсов, Бранко Радовановиќ, м-р Алма Машовиќ, м-р Васко Петревски, Сељадин Џезаири, Замир Мехмети, Методи Стоименовски, Столе Наумов, Антонио Јовановски, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски.

**Отсутни членови на Совет:** /

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, м-р Емилија Јаневска, Драгица Љубевска, Арбен Саити, Цветанка Митревска, Арѓент Џелили, Магдалена Давидовска – Довлева, Симе Златески, Горан Радуновиќ, Јетон Исмаили и Луција Ѓурковиќ.

**Присутни новинари:** Елена Џугуманова од ТВ 24 Вести, Бојан Стојановски од ТВ Алфа, Јета Жута од Центар за развој на медиуми и Владимир Медарски од Центар за развој на медиуми.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски ја отвори 8-та седница на Советот за радиодифузија на РМ. Тој предложи како Точка 2 да се додаде Точката "Извештај од мониторингот на однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања ".

Предлогот на Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски за измена и дополнување на дневниот ред беше едногласно усвоен.

Други предлози за дополнување и измена на дневниот ред не беа понудени. Советот со 15 гласа „за“, го усвои следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Усвојување на Записникот од 2-та (јавна) седница на Советот, одржана на 09.01.2013 година, за која имаше и едно продолжение.
2. Извештај од мониторингот на однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања
3. Предлог-Извештај на Пописната комисија за извршениот попис на основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година.
4. Информација за барањето за согласност за промена на сопственичката структура на Трговско радиодифузно друштво Телевизија Кочани-ЛД ДООЕЛ, Кочани.
5. Извештај од анализа на контактната емисија „Вие и вашето здравје“, емитувана на 29 јануари 2013 година на ТВ Амазон ДООЕЛ Скопје.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и го усвои предложениот Записник од 2-та (јавна) седница на Советот, одржана на 09.01.2013 година, за која имаше и едно продолжение. При гласањето, воздржан беше членот на Советот, Селвер Ајдини, другите 14 членови на Советот гласаа "за".

**Точка 2**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Извештај од мониторингот на однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања. Кај најголем дел од медиумите е завршен мониторингот на

програмата заклучно со 4 февруари 2013 година. Прекршувања на одредбите од Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања не се регистрирани за периодот од 24 јануари до 2 февруари 2013 година. Пристигната е една претставка поврзана со работата на медиумите од аспект на изборите. Претставката е од група граѓани, се однесува на регионалната телевизија ТВ БТР и е неоснована бидејќи не е сторено прекршување на Правилникот.

**Точка 3**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Извештај на Пописната комисија за извршениот попис на основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските на Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година.

Советот донесе Одлука за усвојување на Пописната листа бр.01-630/1 од 05.02.2013 година, (спецификација) на нематеријалните и материјалните вложувања, за извршениот попис заклучно со 31.12.2012 година на Пописната комисија, на Советот за радиодифузија на РМ за 2012-та година. Советот донесе Одлука за усвојување на Пописната листа (спецификација) бр.01-631/1 од 05.02.2013 година, со предлог за отпис на нематеријалните и материјалните вложувања, односно отпис на основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови, кои повеќе не се во употреба во Советот за радиодифузија на Република Македонија.

Советот одлучи да се изврши отпис на основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови, кои повеќе не се во употреба Советот за радиодифузија на Република Македонија, содржани во Пописната листа за отпис на Пописната комисија, наведена. Отпишаните средства да паднат на товар на капиталот на Советот за радиодифузија на Република Македонија.

Советот донесе Одлука за усвојување на Пописната листа бр.01-632/1 од 05.02.2013 година, (спецификација) на ситниот инвентар, заклучно со 31.12.2012 година на Пописната комисија, на Советот за радиодифузија на РМ за 2012-та година.

Советот донесе Одлука за усвојување на Пописната листа на артикли од магацин бр.01-633/1 од 05.02.2013 година, заклучно со 31.12.2012 година на Пописната комисија, на Советот за радиодифузија на РМ за 2012-та година.

Советот донесе Одлука за усвојување на Извештајот бр.01-634/1 од 05.02.2013 година, на Пописната комисија за извршениот попис на состојбата на жиро сметката на Советот за радиодифузија, орочени средства и пописот на касата (денарска благајна и девизна благајна) на Советот.

Советот донесе Одлука за усвојување на Пописот на побарувањата и обврските бр.01-635/1 од 05.02.2013 година, на Советот за радиодифузија на Република Македонија. За побарувањата специфицирани во точките II, III, IV и V од Пописот на побарувањата и обврските бр.01-635/1 од 05.02.2013 година, на Советот за радиодифузија на Република Македонија, Секторот за економско-финансиски работи во Советот, да спроведе книжења во деловните книги согласно сметководствениот план за непрофитните организации, односно да изврши пренос од редовни на сомнителни побарувања, до денот на завршувањето на постапките.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да ги подготви горенаведените Одлуки.

**Точка 4**

Советот ја разгледа и едногласно ја усвои предложената Информација за барањето за согласност за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво Телевизија Кочани-ЛД ДООЕЛ, Кочани. Советот донесе одлука да издаде одобрение за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво Телевизија Кочани-ЛД ДООЕЛ, Кочани, со оглед на тоа што не се создава недозволена медиумска концентрација, односно не постојат формално-правни пречки. Советот го задолжи Секторот за правни работи да ја изработи горенаведената одлука.

**Точка 5**

Советот го разгледа и го усвои предложениот Извештај од анализата на контактната емисија „Вие и вашето здравје“, емитувана на 29 јануари 2013 година на ТРД ТВ Амазон ДООЕЛ Скопје.

Заменикот на Претседателот, д-р Милаим Фетаи предложи на ТРД ТВ Амазон ДООЕЛ Скопје, поради прекршување на на член 68 од Законот за радиодифузната дејност и поради потенцијал да поттикне верска омраза и нетрпеливост, да му изрече мерка: времена забрана за емитување на програмскиот сервис од 1 (еден) ден.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски предложи на ТРД ТВ Амазон ДООЕЛ Скопје, поради прекршување на на член 68 од Законот за радиодифузната дејност и поради потенцијал да поттикне верска омраза и нетрпеливост, да му изрече мерка: времена забрана за рекламирање и телешопинг од 1 (еден) ден.

За предлогот на Заменикот на Претседателот, д-р Милаим Фетаи, позитивно се изјаснија 6 членови на Советот (д-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, Сељадин Џезаири, Замир Мехмети, Селвер Ајдини и Бранко Радовановиќ), а другите 9 членови беа воздржани.

За предлогот на Претседателот, м-р Зоран Трајчевски, позитивно се изјаснија 9 членови на Советот (м-р Зоран Трајчевски, м-р Методија Јанчески, м-р Борис Арсов, м-р Алма Машовиќ, м-р Васко Петревски, Методи Стоименовски, Столе Наумов, Антонио Јовановски и Лазо Петрушевски), еден беше против (Сељадин Џезаири) и 5 членови беа воздржани (д-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, Замир Мехмети, Селвер Ајдини и Бранко Радовановиќ).

Советот, со 9 гласа „за“, еден против и 5 воздржани, донесе одлука на ТРД ТВ Амазон ДООЕЛ Скопје:

- поради прекршување на член 68 од Законот за радиодифузната дејност и поради потенцијал да поттикне верска омраза и нетрпеливост, да му изрече мерка: времена забрана за рекламирање и телешопинг од 1 (еден) ден.

На ТРД ТВ Амазон ДООЕЛ Скопје му се наложува веднаш а најдоцна во рок од 7 (седум) дена, од денот на приемот на Одлуката, да ги отстрани сторените повреди со непочитувањето на Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ", бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011) и прописите донесени врз основа на истиот закон.

Советот го задолжи ТРД ТВ Амазон ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката, да ја изврши изречената мерка, односно да не емитува рекламирање и телешопинг во период од 1 (еден) ден и во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Одлуката, писмено да го извести Советот за радиодифузија на РМ за денот кога ќе ја спроведе/изврши истата.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да го следи извршувањето на изречената мерка од страна на радиодифузерот ТРД ТВ Амазон ДООЕЛ Скопје и да го извести Секторот за правни работи, за да ја евидентира во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да ја следи програмата на ТРД ТВ Амазон ДООЕЛ Скопје. Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ја подготви горенаведената Одлука. Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да ја достави Одлуката до ТРД ТВ Амазон ДООЕЛ Скопје. Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ја евидентира Одлуката и укажувањето во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 6**
**Разно**

- Советот ја разгледа и едногласно ја усвои предложената Информација за барањето од Министерството за информатичко општество и администрација за статусот на имплементација на стандардот ISO 9001:2008. Советот го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавност да подготви допис до Министерството за информатичко општество и администрација, во кој ќе го извести за текот на активностите за имплементација на проектот, со напомена дека се очекува постапката за подготовка за сертификација да заврши најдоцна до крајот на оваа година, ако не и порано, по што веднаш ќе се пристапи кон постапка за издавање на сертификат за EN ISO 9001:2008. Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да го достави дописот до Министерството за информатичко општество и администрација.
- Советот одлучи да го одложи за наредната седница разгледувањето на следната Точка: „Информација за потребата од набавка на дополнителна испорака на месечни клучеви за топли напитоци, од првобитниот носител на набавка Друштво за трговија и услуги "Интерфуд" ДООЕЛ Скопје, со склучен основен Договор за јавна набавка бр.03-626/1 од 16.02.2012 година (бр.009-12 од 16.02.2013 година), со Предлог-Одлука."
- Советот ја усвои предложената Информација во врска со орочување на денарски средства на Советот за радиодифузија на РМ, со Предлог-Одлука. Советот донесе одлука денарските средства на Советот за радиодифузија на РМ, да бидат депонирани, односно орочени во банката која понуди најповолни услови. Советот за радиодифузија на РМ да потпише договор со банката која понуди најповолни услови, со кој ќе се уредат меѓусебните односи меѓу двете договорни страни. Советот го задолжи Секторот за правни работи да ја подготви горенаведената Одлука и горенаведениот Договор.

**Бр. 02-599/8**
**28.02.2013 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**м-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Огнен Неделковски**

*Изработил / Одобрил: Огнен Неделковски*